**ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**
**(Демонополизација на Топлификација АД)**

Обезбедувањето на енергија за крајните корисници (потрошувачи) низ енергетски системи (електрична инсталација или цевки) се дели на четири посебни дејности:

- Производство,
- Пренос (транспорт на големи далечини),
- Дистрибуција (транспорт во рамките на урбани средини)
- Снабдување (директна продажба на енергијата на крајниот корисник)

Додатно во енергетските системи се појавува и дејноста Трговија, која егзистира и во сите други дејности и ги има истите карактериситки како и во другите дејности.

Основа на либерализацијата на дејностите во енергетските системи е природните монополи кои постоеле во минатото и биле вертикално организирани, т.е. во една фирма биле сите четири погоре наведени дејности, да се разделат и секоја дејност да се реализира од посебна фирма.

Кога ова ќе се оствари, со законски решенија се дава достапност на сите четири или три дејности (обично Преносот останува во државна соспственост и го врши единствена фирма) на сите заинтересирани субјекти.

Кога ќе се појават заинтересирани субјекти за Производството, Дистрибуцијата и за Снабдувањето со енергија и ќе почнат тие дејности да ги вршат на конукрентска основа, либерализацијата на енергетскиот систем е завршена и тие дејности од регулирани дејности (Дејности со директна контрола на Регулаторни тела, Регулатроната Комисија за Енергетика (РКЕ), во случајот на Република Македонија) стануваат целосно пазарни дејности.

Во Република Македонија обезбедувањето на енергија до крајни корисници преку енергетски системи е застапено во секторот на Електрична енергија, во секторот на Природниот гас и во секторот на Топлинската енергија.

Реорганизацијата на вертикално организираниот монопол во електричниот сектор започна во 2006 година и до денес има либерализација само во снабдувањето на големите потрошувачи (помалку од 20 фирми), додека во снабдувањето на малите корисници сеуште не е реализирана либерализацијата. Во повеќето земји од Централна и Источна Европа либерализацијата на овој сектор е целосно завршена.

Во секторот за Природен гас во Република Македонија, воопшто не е почнат процесот на либерализација, бидејќи тој сектор многу споро се развива. По повеќе од 15 години достапност на гасот во Република Македонија, на системот се приклучени околу 20 фирми и ниту еден мал корисник. Таквата состојба е исклучително голем недостаток за енергетскиот систем на државата, бидејќи еден од најпогодните енергетски ресурси повеќе од 15 години не се користи за покривање на енергетските потреби на малите корисници кои се големи потрошувачи на енергија.

Топлификација АД, имајќи ги лошите искуства од положбата да се работи во регулирани дејности и верувајќи дека во либерализиран пазар на топлинска енергија ќе постигне многу подобри резултати, во 2008 година започна со процес на реорганизација на фирмата со

крајна цел трите енергетски дејности застапени во секторот за Топлинска енергија да бидат достапни на сите заинтересирани субјекти.

**Првиот чекор за либерализација на одредена енергетска дејност е да се врати лиценцата за дадената дејност. Со враќањето на лиценцата нема опасност корисниците да останат без енергија бидејќи имателот на лиценцата е должен да ја врши оваа дејност до избор на друг носител на лиценца.**

Топлификација АД во 2008 година ја врати лиценцата за снабдување со топлинска енергија. Со тоа ја направи достапна оваа дејност за секој заинтересиран субјект. Два други субјекти во тој момент вршат иста дејност во енергетскиот сектор: Подружница ЕНЕРГЕТИКА сопственост на ЕЛЕМ и ЕВН Македонија. Освен нив, согласно законот, таа дејност може да ја врши секој правен субјект во државата.

На првиот јавен оглас за вршење на оваа дејност не се јави ниту еден заинтересиран субјект. На вториот јавен оглас се јавија три фирми, секоја за одреден дел од градот. Трите фирми добија лиценци за трите дела на градот. Трите фирми меѓу себе можат да се конкурираат, бидејќи секој објект во градот може да потпише договор со која сака од трите фирми. Трите фирми се сопственост на Топлификација АД.

Топлификација АД во 2009 година ја врати лиценцата за дистрибуција на толинска енергија. На јавниот одглас за добивање на оваа лиценца се јави само една фирма. Фирмата која се јави на огласот е фирма во сопственост на Топлификација АД.

Во 2011 година, непосредно пред почетокот на работа на нов независен извор на топлинска енергија во топлификациониот систем на градот Скопје, ТЕ ТО АД, Топлификација АД ја врати и лиценцата за произовдство на топлинска енергија. Согласно измените на законот за енергетика од февруари 2011 година, во услови кога постои независен производител на топлинска енергија, се менуваат обврските од лиценцата за производство на топлинска енергија и се појавуваат нови обврски во форма на сервисни услуги за да може независните производители да се вклучат во системот.

Со враќањето на лиценцата, Топлификација АД, како сопственик на основните средства со кои може да се врши оваа дејност, ја информира РКЕ дека е подготвена да ги отстапи своите основни средства на било кој правен субјект кој на јавниот оглас ќе даде подобри услови за вршење на оваа дејност. Надокнадата за отстапувањето на овие основни средства би била еднаква со онаа која РКЕ и досега ја одобрува во цената за користење на основни средства. Со тоа е отворена можност и новоформираната дејност, Регулирано производство на топлинска енергија, да биде достапна на секој заинтересиран правен субјект.

**Согласно на погоре изнесената состојба Пазарот на Топлинска енергија во Градот Скопје е потполно либерализиран и достапен на секој правен субјект и во овој момент.**

**Тоа што за пазарот на топлинска енергија не се интересира ниеден правен субјект треба да ја загрижи РКЕ бидејќи пазарот на топлинска енергија е потребен на енергетскиот систем на Република Македонија.**

**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД**